Република Македонија
НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-133/6
07.02.2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 35 од Статутот на Нотарската Комора на РМ, Управниот Одбор на Нотарската Комора на седницата одржана на 07.02.2009 година го донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНОКОТ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ СОВЕТ НА НКРМ

## Член1

Членот 3 се менува и гласи:

Стручниот совет го сочинуваат пет члена од кои двајца од редот на нотарите, а тројца од надворешни истакнати правници.

## Член 2

Членот 19 се брише и се додава нов текст кој гласи:

Стручниот совет утврдува Предлог на правни мислења, ставови и заклучоци и ги доставува до сите нотари заради давање во рок од 8 дена образложени забелешки и свои предлози до Стручниот совет.

Доколку не се дадени забелешки и нови предлози , Стручниот совет на својата прва наредна седница ги усвојува утврдените правни мислења и ставови и ги објавува во стручното списание "Нотариус".

Доколку се дадени забелешки, сугестии и предлози од нотарите, Стручиот совет ги разгледува и своите конечни предлози од нотарите ги доставува на усвојување на Управниот одбор кои потоа се објавуваат во "Нотариус".

## Член 3

Членот 20 се менува и гласи:

Нотарите се должни да ги почитуваат и применуваат правните мислења, ставови и заклучоци на Управниот одбор и на Стручниот совет усвоени на начинот определен во предходниот член.

Правните мислења, ставовите и заклучоците на Управниот Одбор и Стручниот совет ги спроведува Претседателот на Комората.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ЗЛАТКО НИКОЛОВСКИ**